МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

МЦМС е-Билтен

Април 2012
БРОЈ 129

Советот го усвои Деловниот извештај за 2011 година

Советот на МЦСМ на 24 април 2012 година ја одржа својата петта седница на која расправаше за Деловниот извештај за 2011 година заедно со финансискиот извештај и независното ревизорско мислење.

Членовите на Советот за претседавач на седницата го избраа Звонко Шавpески. Александар Кржаловски, првиот извршен директор на МЦМС, во кратки црти ги презентираше постигнувањата во претходната година: реализирани 19 проекти со буџет од 53 милиони денари. „Претходната година беше година на многу истражувања, рече Кржаловски, реализиравме вкупно 23 и после подолго време повторно се вклучивме во следењето на изборниот процес". Тој ги акцентираше постигнувањата и по програми.

Во делот на организациските работи тој ја издвои промената во одборот на директори и повлекувањето на Сашо Клековски од позицијата прв извршен директор и повторниот избор на МЦМС за институција која раководи со Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП). Беше нагласена и зголемената видливост на МЦМС во медиумите и на социјалните медиуми.

„Го исполнивме планот во година која финансиски можеме да ја карактеризираме како кризна. Пред МЦМС стојат предизвиците на идниот развој, влегуваме во година на нов среднорочен план во кој ќе продолжиме да ги остваруваме долгорочните цели со нови пристапи и потфати притоа и понатаму ќе ги диверзифицираме изворите на финансирање".

Членовите изразија задоволство од постигнатите резултати. Тие се интересираа дали зголемената видливост носи придобивки во комуникацијата со институции и може ли да придонесе во понатамошната одржливост на МЦМС. По дискусијата, едногласно беше усвоен Деловниот извештај заедно со финансискиот извештај и независното ревизорско мислење.



Нови вештини за процесите на подготовка на законите

МЦМС на 19 и 20 април 2012 година во Маврово организираше основна обука на тема „Вклучување во креирање политики и подготовка на закони". Обуката беше наменета за претставници на граѓанските организации кои немаат претходно искуство во процесите на подготовка на закони.



Обуката показа дека законската рамка е процес во кој сите треба да учествуваат

Петнаесетте учесници се стекнаа со основни знаења за застапувањето како битна компонента за успешно вклучување во процесите на подготовка на законите: што е застапување; како изгледа стратешка акција за застапување; како да се подготви успешна иницијатива за одредена политика/закон и измени на законите. Покрај тоа беа презентирани законските основи за вклучување во креирањето на политиките и подготовката на законите како и можностите и моделите за најефикасно и најуспешно вклучување на јавноста и граѓанските организации. Преку работа во групи учесниците имаа можност и практично да го применат стекнато знаење за подготовка на измена на постоечки закон.

„Обука беше исклучително корисно употребено време", рече Билјана Дуковска од Здружението за зелено општество Гринер. „Преку разбирлива теорија и примери од секојдневието, лесно прифатливи и применливи за секоја област на делување, обучувачите ја насочија групата во правец на систематско планирање на активности кои во иднина би резултирале со квалитетни иницијативи. Мене оваа обука ми покажа дека законската рамка не е само „работа на некој друг", туку процес во кој сите треба да дадеме придонес", додаде таа.

Обуката ја водеа Емина Нурединоска од МЦМС и Горан Форбици од Словенечкиот центар на невладини организации (ЦНВОС) од Љубљана.

Обуката е дел од проектот „Огледало на Владата: учество на јавноста во процесите на подготовка на закони" кој е поддржан од Европската Унија од Инструментот за човекови права и демократија (ЕИДХР). Целта на проектот е да се зголеми соработката на граѓанските организации со органите на државната управа во процесите на креирање политики и подготовка на закони. Проектот се спроведува во партнерство со ЦНВОС од Љубљана и Балканска мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН).

Благодарница за МЦМС за неизмерната поддршка на Ел хилал

Хуманитарната организација Ел хилал, по повод 20-годишниот јубилеј додели благодарница на МЦМС за долгогодишната соработка и неизмерната поддршка за институционалниот развој на оваа организација.

Претседателот на Ел хилал, Бехиџудин Шехапи во своето обраќање истакна дека Ел хилал заедно со МЦМС го воспоставувал мостот на довербата меѓу граѓаните на Македонија без оглед на нивната припадност во клучните моменти за Македонија.

Во обраќањето тој се заблагодари и на Сашо Клековски, претходниот прв извршен директор на МЦМС за „огромната поддршка за институционалниот развој на Ел хилал и неговото членување во Граѓанската платформа на Македонија (ГПМ)". Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС се заблагодари за признанието и за поддршката која Ел хилал ја дава на МЦМС преку членството во управните тела. „Колку што Ел хилал учи од нас, толку и ние од нив", рече Кржаловски.



МЦМС и ЕЛ хилал заедно пребродија многу тешки периоди за државата

На 25 април, Ел хилал со свечена седница, промоција на документарен филм и монографија и доделување благодарници го прослави својот 20-годишен јубилеј. На свеченоста присуствуваа над 250 гости од сите сектори на општеството. Граѓаните во два наврати (2008 и 2010) ја препознаваат Ел хилал меѓу првите пет најуспешни граѓански организации во Македонија.


Проценка на отвореноста на владините институции

Започнаа активностите за проценка на отвореноста на владините институции, односно вклученоста на граѓанското општество во процесот на подготовка на законите. Во проценката се користат прашалници што се испратени до 23 државни институции. Прашалникот ја опфаќа општата комуникација и поддршка на министерствата за вклучување на граѓанското општество во своето работење.

По овој, ќе следува уште еден прашалник што ќе се однесува на процесот на подготовка на актите. Ќе бидат избрани конкретни акти, а критериумите ќе се однесуваат на комуникацијата и поддршката на средината за учество на јавноста во поединечни министерства и владини канцеларии. Актите што ќе бидат избрани ќе бидат дел од Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија. Ќе се следат и некои од минималните стандарди на консултации, на пример, период за консултации, извештај за повратни информации итн.

Покрај прашалниците, постојано ќе се набљудува (на интернет) и примената на правилата за транспарентно учество на јавноста за сите одбрани акти. Одговорите на прашалниците ќе бидат основа за посебна анализа, а резултатите од неа ќе бидат дебатирани и публикувани.

Активностите се дел од проектот „Огледало на владата учество на јавноста во процесите на подготовка на закони" кој е поддржан од Европската Унија од Инструментот за човекови права и демократија (ЕИДХР).



Успешна соработка на општина Битола и граѓанските организации

На 25 април 2012 Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во соработка со општина Битола организираше промоција на „Стратегијата на општина Битола за соработка со граѓанските организации и негов постојан развој (2012-2015)".



Градоначалникот и советниците искажаа подготвеност за спроведување на Стретегијата

Стратегијата е резултат на повеќемесечна заедничка успешна работа на општина Битола и граѓанските организации. Процесот на подготовка на стратегијата беше воден од МЦМС како дел од проектот „Граѓански дијалог на локално ниво", спроведуван од МЦМС, а финансиски поддржан од Европската Унија преку Инструментот за демократија и човекови права (ЕИДХР).

Присутните претставници на општината и граѓанските организации ги поздрави Емина Нурединоска, раководител на одделението за граѓанско општество во МЦМС и им се заблагодари на нивната посветеноста во текот на подготовката на Стратегијата со која што општина Битола стана една од првите општини во која е донесен ваков стратешки документ. Таа го истакна квалитетот на Стратегијата и напредните мерки со кои општина Битола е пример за проактивност во развивањето на соработка со граѓанските организации.

М-р Владимир Талески, градоначалник на општина Битола го поздрави донесување на документот со кој што општината уште еднаш го потврди своето залагање да придонесе кон континуиран развој на граѓанскиот сектор. Според него, Стратегијата е врамување на долгорочната успешна соработка и поттик за уште позначајни заеднички зафати во иднина. Тој ја истакна важноста на Стратегијата во однос на одржливоста на граѓанскиот сектор преку финансирање и кофинансирање на проекти на граѓански организации кои се од интерес и важност за општина Битола. Во таа насока ги повика граѓанските организации да предлагаат свои идеи и иновативни проекти.

Виолета Налевска, советник за ЛЕР во општината даде краток осврт на Стратегијата и ги претстави стратешки цели, резултати и активности предвидени во акциискиот план.

На крајот, Горѓи Јошевски од Форумот на граѓански организации го претстави граѓанскиот сектор во Битола и ја истакна важноста за донесување на ваков стратешки документ.

Втора основна обука за креирање политики

Втората основна обука „Вклучување во креирање политики и подготовка на закони" ќе се одржи на 17 и 18 мај 2012 година во Охрид. Учесниците се селектирани на претходно објавениот повик до граѓанските организации. Основната обука треба да им даде знаења и вештини на граѓанските организации кои немале претходно искуство во процесите на подготовка на закони. Темата предизвика голем интерес што се гледа од податокот дека на повикот се пријавил 91 заинтересиран. Од нив, за двете основни обуки беа селектирани 32 учесници. Еден дел од пријавените ќе посетат напредна обука на истата тема.



Дури 91 заинтересиран претставник на ГО се пријави за обуката

Обучувачи ќе бидат Емина Нурединоска од МЦМС и Горан Форбици од ЦНВОС, Словенија.

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ул. Никола Парапунов бб, 1060 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.mk | mcms@mcms.mk